**ЗАПИСНИК**
**од шестата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 11.02.2022 година**

На шестата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 17 членови на Советот : Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов,Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов од вкупно 19 членови колко што брои Советот.

Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: **Петар Јанчев вработен во општината , Ирена Томчева вработена во општината и Андон Сарамандов Градоначалник на Општина Гевгелија**,

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување, Претседателот на Совет ја отвори шестата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот на Совет го стави записникот од петтата седница на разгледување.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави на гласање записникот од петтата седица и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на шестата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Програма за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година,

2.Предлог-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2022 година

3.Предлог-Програма за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2022 година,

4.Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита и заштита на децата во општина Гевгелија за 2022 година,

5.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.583 КО Ново Конско, општина Гевгелија

6.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.543/1, дел од КП 543/2, КП 543/3, КП 544, КП 545 и КП 546/1 КО Богородица, општина Гевгелија,

7.Предлог-Одлука за донесување на Предлог план за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година,

8.Информација за превземените мерки за заштита и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија.

Како дополнителна предложена од советникот Сашко Јанчев е доставена точката:

- Предлог-Одлука за емитување на седниците на Советот на Општина Гевгелија во живо

Претседателот на Совет отвори претрес по предложениот дневен ред :

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Совет го стави Дневниот ред на освојување и **Советот едногласно го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Предлог-Програма за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа: Петар Јанчев вработен во општината , Петар Апостолов, Софија Тошева-Раманчева,Томе Ќичуков, Тодор Ристов членови на Совет и Андон Сарамандов Градоначалник на општината.**

**Петар Апостолов член на Совет** даде четири предлози како да се надмине досегашната состојба при распределување на средства од програмите и тоа:процентуално зафаќање на средства од Буџетот на општината за проекти од културата и спортот,активно учество на советниците на соодветната комисија во распределбата на средствата ,поголема контрола на реализираните проекти и потрошените средства и тоа на оние што се со поголем износ освен годишен извештај да доставуваат извештај на секои шест месеци и четврто средствата на апликантите кои се исплатени а немаат доставено финансиски извештај не само што нема да добијат финансии за наредната година туку потребно е да ги вратат и кривично да одговараат за извршена злоупотреба на буџетски средства .

**Томе Ќичуков член на Совет** си поднесе оставка од Комисијата за спорт и култура односно побара од службите да биде разрешен од комисијата на некоја од наредните седници.

**Тодор Ристов член на Совет** – предложи заклучок по оваа точка и наредните две кој гласи "Сите оние здруженија правни или физички лица кои ќе добијат средства од програмите кои што денеска ќе ги освои, или не да ако не поднесат финансов извештај да не добијат средства за оваа година. Оваа е заклучок од Советничката група на СДСМ."

Претседателот на Совет го стави на гласање заклучокот од Советничката група на СДСМ и **Советот едногласно го усвои .**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на програмите и проектите од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 12 гласа за и 5 воздржани ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа:Сашко Јанчев,Петар Апостолов членови на Советот и Андон Сарамандов Градоначалник на општината.**

**Сашко Јанчев член на Совет** поднесе амандмант 15 000 денари од планинарско друштво "Кожуф" да се одземат и да се додадат на планинарско друштво "Две уши" за да може и двете планинарски друштва да имат идентични суми доделени од програмата.

**Андон Сарамандов Градоначалник на општината** – "Амандманот на советникот Јанчев се одбива од причина што двете планинарски друштва се ентузијасти и во иднина сметам дека треба да добиваат исти финансиски средства но имав средба со планинарско друштво "Кожуф" и оваа година имаат седумдесет годишнина и планираат поголем настан со гости од целиот балкан и заради таа причина побараа поголема сума оваа година а од наредната година ќе им бидат одобрени исти средства на двете планинарски друштва ."

Претседателот на Совет го стави на гласање амандманот поднесен од советникот Сашко Јанчев и **Советот со 3 гласа за и 14 воздржани не го усвои**.

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 6 воздржани ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Програма за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2022 година.

**Во расправата по точките учествуваа:**

**Тодор Ристов член на Совет** – Даде предлог односно сугестија до Градоначалникот без разлика што аплицирале само седум Месни заедници од ставката други активности и од средствата на градоначалник да се исплатат и другите месни заедници кои не поднеле програма но ќе достават барање во текот на годината за оддржување на некоја манифестација во населеното место .

**Андон Сарамандов Градоначалник на општината** – Ја прифати иницијативат и напомена дека дел од нив имаат аплицирано и во Програмата за НВО.

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на проекти, манифестации и значајни настани на месните заедници во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот со 11 гласа за и 6 воздржани ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Програма за активностите во областа на социјалната заштита и заштита на децата во општина Гевгелија за 2022 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита и заштита на децата во општина Гевгелија за 2022 година

**Во расправата по точката учествуваа: Петар Јанчев вработен во општината ,Петар Апостолов , Елена Хаџи-Николова и Миле Атанасов членови на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Програмата за активностите во областа на социјалната заштита и заштита на децата во општина Гевгелија за 2022 година и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 5. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.583 КО Ново Конско, општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.583 КО Ново Конско, општина Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.583 КО Ново Конско, општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 6. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.543/1, дел од КП 543/2, КП 543/3, КП 544, КП 545 и КП 546/1 КО Богородица, општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.543/1, дел од КП 543/2, КП 543/3, КП 544, КП 545 и КП 546/1 КО Богородица, општина Гевгелија

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за КП бр.543/1, дел од КП 543/2, КП 543/3, КП 544, КП 545 и КП 546/1 КО Богородица, општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 7. Предлог-Одлука за донесување на Предлог план за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на Предлог план за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година

**Во расправата по точката учествуваа: Ирена Томчева вработена во општината.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на Предлог план за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година и **Советот со 16 гласа за ја усвои .**

**Точка 8. Информација за превземените мерки за заштита и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Информацијата за превземените мерки за заштита и справување со пандемијата од КОВИД-19 во општина Гевгелија.

**Во расправата по точката учествуваа: Патрик Матх,Тодор Ристов членови на Совет, епидемиолог Сашко Олумчев раководител на ПЕ на Центарот за јавно здравје при Општа болница-Гевгелија, Андон Сарамандов Градоначалник на општината.**

**Точка 9. Предлог-Одлука за емитување на седниците на Советот на Општина Гевгелија во живо.**

Претседателот на Совет отвори претрес по Предлог-Одлуката за емитување на седниците на Советот на Општина Гевгелија во живо.

**Во расправата по точката учествуваа: Сашко Јанчев член на Совет.**

Претседателот на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за емитување на седниците на Советот на Општина Гевгелија во живо и **Советот едногласно ја усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори шестата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Патрик Матх**